Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр. 07-793/1 од 09.11.2005 година, Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр.07-2392/1 од 15.12.2007 година и Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр.08-1670/1 од 31.12.2024 година**

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр. 07-793/1 од 09.11.2005 година, Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр.07-2392/1 од 15.12.2007 година и Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр.08-1670/1 од 31.12.2024 година, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 10.02.2025 година.

08-186/2 Општина Василево
11.02.2025 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), член 6 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ, бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 10.02.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за измена на Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр. 07-793/1 од 09.11.2005 година, Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр.07-2392/1 од 15.12.2007 година и Одлуката бр.08-1670/2 од 31.12.2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр. 07-793/1 од 09.11.2005 година („Службен гласник на ОВ” бр.06/05), Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр. 07-2392/1 од 15.12.2007 година („Службен гласник на ОВ” бр.14/07) и Одлуката бр.08-1670/2 од 31.12.2024 година.

- Член 2 во Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр. 07-793/1 од 09.11.2005 година („Службен гласник на ОВ” бр.06/05), член 1 во Одлуката за утврдување на висината на даночните стапки бр. 07-2392/1 од 15.12.2007 година („Службен гласник на ОВ” бр.14/07) и член 1 во Одлуката бр.08-1670/2 од 31.12.2024 година („Службен гласник на ОВ” бр.15/24) се менува и гласи:

„Стапката на данок на недвижен имот е пропорционална и изнесува 0,10% од даночната основа за физички лица, а 0,20% од даночната основа за правни лица".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево".

08-186/1 Совет на Општина 11.02.2025 Василево
година претседател
Ристо Делијанов